Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на општина Карпош**, на ден 04.04.2024година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси на КП 674/1, КП 675/1, КП 681, КП 682 и КП 683/1, КО Бардовци, Општина Карпош кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Карпош www.karpos.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси на КП 674/1, КП 675/1, КП 681, КП 682 и КП 683/1, КО Бардовци, Општина Карпош нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Со предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план (во понатамошниот текст У.П.), треба да овозможи и да го уреди начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градбите. за катастарските парцели К.П.бр.674/1, К.П.бр.675/1, К.П.бр.681, К.П.бр.682 и К.П.бр.683/1, К.О.Бардовци, м.в.„Бозелки“, Општина Карпош, се изработува согласно Условите за планирање, со технички број Y23023 од Мај, 2023годг., Решението за услови за планирање на просторот со Арх.бр.УП1-15 1099/2023 од 25.05.2023год. и по основ на член 58, став (6) и член 59, став (6), алинеја 11 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.32/20 и 111/23), како тип на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, на земјоделско земјиште со кој се врши урбанистичко-архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај на една поголема градежна парцела(идна) оформена во урбанистички проект. У.П. се планира врз основа на дозволените урбанистички параметри од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) за градби од група на класи на намени Г-Производство, рударство, енергетика и индустрија и класи на намени Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. Согласно новата номенклатура поединечна

намена на земјиштето и градбите ќе биде Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси. Конкретната намена на идните градби ќе биде (199) Г2, Г2.3, Г2.7 - индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси - фабрички комплекси. .

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Органот на државната управа надлежен за работите во областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 11-744/5 од 04.04.2024 год,
с.р
Место Скопје

Име и презиме

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
СКОПЈЕ